**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

Наш број: 09-7912/10
16-07-2026
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Секретарот на Град Скопје донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.06/2026 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Виш соработник за документација за инфраструктурни објекти, шифра УПР0101В0200, на ниво В2, Одделение за подготовка на техничка документација од областа на уредување на просторот, Сектор за планирање и уредување на просторот, се избира кандидатот **Александра Младеновиќ**.
2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

## Образложение

На ден 06.07.2026 година на интернет страната на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.06/2026 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-7912/6 од 09.07.2026 година, ја спроведе административната селекција и по спроведеното интервју од Комисијата за селекција за унапредување, изготви финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Виш соработник за документација за инфраструктурни објекти, шифра УПР0101В0200, на ниво В2, Одделение за подготовка на техничка документација од областа на уредување на просторот, Сектор за планирање и уредување на просторот, предложи да се избере кандидатот Александра Младеновиќ.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

Изработил : Ивана Каранфилска
Одобрил: Валентина Ѓоргиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Секретар**

**Славче Трпески**